ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-9347/2
23 -01- 2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-та седница одржана на ден 11.01.2024 година ја донесе следната

***Одлука***

Предметот оформен по сопствена иницијатива на Државната комисија за спречување на корупцијата за спроведување прекршочна постапка против ________________, пратеник во Собранието на РМ, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-9347/1 од 2022 година.

Предметот со број 08-9347/1 од 2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-9347/1 од 2022 година е оформен по сопствена иницијатива.

По извршената проверка во базите на податоци со кои располага Државната комисија за спречување на корупцијата утврдено е дека ________________, при избор за пратеник во Собранието на РМ нема поднесено анкетен лист до ДКСК.

Изборот на лицето ________________ за пратеник во Собранието на РМ е на 04.08.2020 година, поради изминати две години од сторениот прекршок делото е застарено и ДКСК не може да поведе прекршочна постапка.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р Антонија А. Тасевска, советник
Одобрил: Софка Пејовска Дојчиновска, член

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Shkup

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**